СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

# ПРИРАЧНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ

## ВИРТУЕЛЕН ДИСК – АНДРОИД ТЕЛЕФОН

# СОДРЖИНА

1. НАЈАВА ........ 3
2. ДАТОТЕКИ ........ 6
2.1 Сите датотеки ........ 6
2.1.1 Поставување датотека ........ 7
2.1.2 Поставување папка ........ 9
2.1.3 Освежување на конто и сортирање ........ 10
2.2 Преглед на датотека ........ 11
2.3 СПОДЕЛУВАЊЕ ДАТОТЕКА ........ 14

# 1. НАЈАВА

Корисникот се најавува со своето корисничко име и лозинка. Корисникот треба да постави https за својата компанија.




Доколку корисникот внесе неважечко корисничко име или лозинка, системот ќе го информира дека неговото корисничко име или лозинка е неточно. Корисникот треба повторно да го внесе своето корисничко име и лозинка.




Доколку корисникот нема корисничко име и лозинка, тој/таа може да ја избере опцијата „Дали сте нови во Виртуелен диск“? Во овој случај тој ќе биде пренасочен кон сајтот telekom.mk каде што се прикажани детални информации за Виртуелниот диск.



Откако корисникот ќе се најави на своето конто, тој ќе може да ги гледа сите свои датотеки и папки.



# 2. ДАТОТЕКИ

## 2.1 Сите датотеки

Во делот Мени, корисникот го гледа делот Сите датотеки и делот Подесувања.




Во делот Сите датотеки се наведени сите датотеки и папки.




Корисникот може да избере да прегледа одредена папка и системот ќе ги прикаже сите датотеки во избраната папка.




## 2.1.1 Поставување датотека

Корисникот може да избере да постави нова папка од Датотеки или од содржината од другите апликации.




Кога корисникот ќе избере да постави датотеки од Датотеки, системот ги прикажува сите датотеки во телефонот. Корисникот треба да ја избере датотеката којашто сака да ја постави и да избере дали да ја копира датотеката или да ја пренесе.  Опцијата Копирај датотека се избира автоматски.



Доколку корисникот избере да постави датотека од Содржината од други апликации, тој/таа прво треба да ја избере апликацијата и потоа ќе се постави содржината.




## 2.1.2 Поставување папка

Корисникот може да избере да постави нова папка. Корисникот треба прво да го внесе името на Папката и потоа да поставува датотеки во новокреираната папка.



## 2.1.3 ОСВЕЖУВАЊЕ НА КОНТО И СОРТИРАЊЕ

Корисникот може да избере да го Освежи конто или да ги сортира датотеките. Со освежување на контото ќе се освежат податоците во контото.




Корисникот може да ги сортира датотеките по азбучен ред или од најнови кон најстари.



## 2.2 Преглед на датотека

Корисникот може да избере да прегледа одредена датотека со кликање на датотеката. Датотеката – слика ќе биде прикажана на целиот екран со дополнителни опции прикажани на десниот дел од екранот.




Прикажаните дополнителни опции се Сподели (Share), Отвори со (Open with), Отстрани (Remove), Испрати (Send), Омилени (Favorite) и Детали (Details).




Корисникот може да избере да ја отвори или да ја отстрани датотеката. Системот ќе го праша за потврда за отстранување на датотеката.



Корисникот може да избере да ја испрати датотеката. Системот ќе ги наведе апликациите со кои корисникот може да избере да ја испрати датотеката.




Корисникот може да избере да ја стави датотеката во Омилени и да ги прегледа деталите за датотеката. Доколку корисникот избере да ги прегледа деталите за датотеката, се прикажуваат детали како што се вид, големина и изменета.



## 2.3 СПОДЕЛУВАЊЕ ДАТОТЕКА

Корисникот може да избере да ја сподели датотеката со пријатели или да сподели линк од датотеката.




Корисникот може да избере да ја сподели датотеката со корисници и групи и да додаде корисник или група.



Корисникот исто така може да избере да сподели линк од датотеката со поставување на опцијата Сподели линк на ON( Активирано). Ќе се прикажат дополнителни опции како што се Постави датум на истекување и Заштитено со лозинка.




Корисникот може да постави лозинка за датотеката. Поставувањето на лозинка за датотеката (датотека заштитена со лозинка) значи дека другите корисници можат да ја видат датотеката само ако ја внесат лозинката.




Корисникот може да внесе датум на истекување (доколку корисникот внесе датум на истекување, датотеката нема да биде достапна по датумот на истекување).



## 3. НАГОДУВАЊА

Во делот Нагодувања, корисникот може да го прегледа своето конто и можноста за додавање на ново конто. Доколку корисникот избере да додаде ново конто, од него ќе биде побарано да се најави со новото конто.

Корисникот може да избере да го заклучи контото со код за пристап. Од корисникот ќе биде побарано да ја внесе својата лозинка.

Корисникот може да избере да ја активира опцијата за инстантно прикажување на слики и за инстантно прикажување на видеа.

